# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
# ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе одлука со која се врши **зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 2,49 %** во однос на малопродажните цени на нафтените деривати утврдени согласно одлуката од 06.04.2020 година.

Од вечерва на полноќ малопродажната цена на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 се зголемуваат за 0,50 денари/литар** и со тоа малопродажната цена на ЕУРОСУПЕР БС-95 ќе изнесува 48,50 ден/лит, додека малопродажната цена на ЕУРОСУПЕР БС-98 ќе изнесува 50,50 ден/лит.

Малопродажната цена на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) не се менува,** односно останува на исто ниво од минатата недела од 45,00 денари за литар.

Малопродажната цена на **Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се намалува за 0,50 денари/литар и** ќе изнесува 33,00 ден/лит.

Малопродажната цена на **мазутот М-1 НС се зголемува за 2,136 ден/кг** и ќе изнесува 20,106 ден/кг.

Од 14.04.2020 година максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 48,50 (денари/литар) |
| Моторен бензин | ЕУРОСУПЕР БС -98 | 50,50 (денари/литар) |
| Дизел гориво | ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 45,00 (денари/литар) |
| Масло за горење | Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 33,00 (денари/литар) |
| Мазут М-1 НС | | 20,106 (денари/килограм) |

Клучните фактори што влијаат на крајната цена согласно Методологијата за формирање на цените се референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар и курсот на денарот во однос на доларот.
Во изминатиот седумдневен период референтните цени на **нафтените деривати бележат зголемување** и тоа кај **бензинот во просек за околу 4,437%**, кај **дизелот зголемувањето е во просек за околу 1,366%,** кај **екстра лесното масло има намалување во просек за околу 3,327%** и кај **мазутот** се регистрира зголемување **во просек за околу 19,178 %.**
Во исто време **курсот на денарот во однос на доларот** во изминатиов седумдневен период е **зголемен за 1,125%.** Согласно Методологијата за формирање на цените, вклучени се сите овие влезни параметри и извршено е соодветно прилагодување.
Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 14.04.2020 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk